Генерален секретаријат
Сектор за анализа на политиките и координација /Одделение за соработка со невладини организации

| | |
|---|---|
| Дата: | 12.2.2025 година |
| Архивски број: | 33 – 1 / 21 |

Врз основа на член 7 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и 164/17 и “Службен весник на РСМ” бр. 97/19, 116/21 и 268/24), Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија објавува

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ и ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ за избор на 14 членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите**

I. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ

Врз основа на Јавниот повик за избор на 14 членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите, објавен на 20 јануари 2025 година, на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk, во предвидениот рок (4 февруари 2025 година) пристигнати се 18 пријави за кандидати за член и заменик член на Советот.

Не е комплетна документацијата на пријавата бр.33-1/13 на Националниот младински совет на Македонија, бидејќи не се доставени документи за организацијата на кандидатот за заменик член, Младински образовен форум Скопје (копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата; копија од статутот; копија од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за претходната година или изјава доставена до Централниот регистар дека во претходната година имале приход помал од 2.500 евра во денарска противвредност според курсот на Народна банка на Република Северна Македонија; извештај за работата со цели, активности, резултати и извори на финансирање во последните три години). Исто така, Здружението за промоција на образование, животна средина, деца и лица со попреченост Леон Кидс Плус Скопје (пријава бр. 33-1/2) не ги исполнува условите од член 5 став 1 од Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, односно здружението е регистрирано согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации помалку од 3 години пред објавување на Јавниот повик (17.5.2022 година).

При административната проверка на пријавите се утврди дека пријавите на следните здруженија и фондации ги исполнуваат условите од Јавниот повик: Македонски центар за меѓународна соработка Скопје, Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права Скопје, Македонско здружение на млади правници- МЗМП Скопје, Институт за европска политика Скопје, Здружение Конект Скопје, Здружение на просветни работници на Град Скопје, Скопје, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје, Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје, Здружение на бубрежно болни граѓани Нефрон Скопје, ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје со Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ-Заедно посилни, Скопје, Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола, Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје со Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово, Фондација за интернет и општество МЕТАМОРФОЗИС Скопје и Здружение за заштита на околината и дрвото ЕКОДРВОДЕКОР Битола.

II. **ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ** за избор на членови и заменици членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите

Се повикуваат сите **активни** организации регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации, да го дадат својот глас за еден кандидат во секоја од областите во кои дејствува организацијата, согласно нејзиниот статут.

Организациите не гласаат за кандидатот од својата организација.

Гласањето се врши со пополнување на Образец за гласање, достапен на www.nvosorabotka.gov.mk и доставување на копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата.

Сојузите регистрирани согласно со одредбите на Законот за здруженија и фондации пополнуваат еден образец за гласање, што се смета за еден даден глас.

Организациите можат да поддржат само по еден кандидат од следната Листа на кандидати, во секоја од областите на дејствување предвидени во статутот на организацијата. Дадениот глас се смета за глас за предложените кандидати за член и заменик член заедно.

| Арх. број | Име и презиме на кандидатите за член и заменик член на Советот | Име на здружението/фондацијата што предлага кандидат | Пријава, Биографија и Мотивациско писмо |
|---|---|---|---|
| 1. Развој на граѓанското општество | | | |
| 33-1/8 | Валентина Величковска | Македонски центар за меѓународна соработка Скопје | Погледни тука |
| | Дарко Димов | Македонски центар за меѓународна соработка Скопје | |
| 2. Владеење на правото и борба против корупцијата | | | |
| 33-1/15 | Дарко Аврамовски | Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје | Погледни тука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Лејла Тутиќ | Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје | |
| 3. Демократија, промоција и заштита на човековите права и добро владеење | | | |
| 33-1/6 | Славица Анастасовска | Здружение Хелсиншки комитет за човекови права Скопје | Погледни тука |
| | Наташа Петковска | Здружение Хелсиншки комитет за човекови права Скопје | |
| 33-1/18 | Маја Атанасова | Македонско здружение на млади правници- МЗМП Скопје | Погледни тука |
| | Бојана Божиновска Силјановска | Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје | |
| 4. ЕУ интеграции и политики | | | |
| 33-1/14 | Симонида Кацарска | Институт за европска политика Скопје | Погледни тука |
| | Беба Жагар | Институт за европска политика Скопје | |
| 5. Економски и одржлив развој | | | |
| 33-1/9 | Никица Кусиникова | Здружение Конект Скопје | Погледни тука |
| | Виктор Мирчевски | Здружение Конект Скопје | |
| 6. Образование и младинско учество | | | |
| 33-1/11 | Катерина Митковска | Здружение на просветни работници на Град Скопје, Скопје | Погледни тука |
| | Анета Велкоска | Здружение на просветни работници на Град Скопје, Скопје | |
| 33-1/17 | Моника Илиоска Кантарџиоска | Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп | Погледни тука |
| | Томислав Гајтаноски | Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп | |
| 7. Социјална заштита и заштита на деца | | | |
| 33-1/5 | Сузана Стојановска | Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје | Погледни тука |
| | Ирена Лозана | Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје | |
| 8. Заштита на маргинализираните лица | | | |
| | Нема пријавени кандидати | | |
| 9. Родова еднаквост | | | |
| 33-1/4 | Теа Зографска | Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје | Погледни тука |
| | Мартина Станковиќ | Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје | |
| 10. Заштита на здравјето | | | |
| 33-1/12 | Душко Ѓоргиев | Здружение на бубрежно болни граѓани Нефрон Скопје | Погледни тука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Павлинка Балиска | Здружение на бубрежно болни граѓани Нефрон Скопје | |
| 33-11/16 | Елизабета Божиноска | ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје | Погледни тука |
| | Андреј Сених | Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ-Заедно посилни, Скопје | |
| 11. Земјоделство, рурален и рамномерен регионален развој | | | |
| 33-1/19 | Емилиа Ѓероска | Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола | Погледни тука |
| | Рубин Николоски | Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола | |
| 12. Култура | | | |
| 33-1/10 | Зоран Димов | Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија-ЗРДИЦМ Скопје | Погледни тука |
| | Ахмет Јашаровски | Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово | |
| 13. Медиуми и информатичко општество | | | |
| 33-1/7 | Бардил Јашари | Фондација за интернет и општество МЕТАМОРФОЗИС Скопје | Погледни тука |
| | Данче Даниловска Бајдевска | Фондација за интернет и општество МЕТАМОРФОЗИС Скопје | |
| 14. Заштита на животната средина | | | |
| 33-1/3 | Драгица Вучковиќ | Здружение за заштита на околината и дрвото ЕКОДРВОДЕКОР Битола | Погледни тука |
| | Милорад Вучковиќ | Здружение за заштита на околината и дрвото ЕКОДРВОДЕКОР Битола | |

Во случај кога организацијата гласа во повеќе области, пополнува еден образец за гласање.

За неважечки ќе се сметаат гласовите на организациите што не се активни согласно тековната состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, како и гласовите на организациите кои гласале во област на дејствување што не е предвидена во нивниот статут.

Рокот за гласање е до **27 февруари 2025 година**.

Пополнетиот образец за гласање потпишан од застапникот на организацијата и заверен со нејзиниот печат, со копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, треба да се доставаат преку пошта, на адреса:

Влада на Република Северна Македонија
Генерален секретаријат
Одделение за соработка со невладини организации
бул. "Илинден" бр.2
1000 Скопје
со назнака: „Поддршка на кандидати за член во Советот".

или **скенирани да се доставаат по електронски пат** на адреса: nvosorabotka@gs.gov.mk.

Гласањето се смета за успешно ако за кандидатот гласале најмалку пет организации.

Во рок од 8 дена по завршувањето на гласањето, Генералниот секретаријат – Одделение за соработка со невладини организации на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk ќе објави Листа на кандидати според бројот на добиени гласови за секоја од областите на дејствување.

Доколку за некоја од областите на дејствување не се пријават кандидати или ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува пропишаните услови, повторно ќе биде распишан јавен повик за избор на член и заменик член на Советот од редот на здруженијата и фондациите, само за таа област на дејствување.

Во случај кога има два или повеќе прворангирани кандидати, гласањето ќе се повтори само во таа област најдоцна 15 дена од објавувањето на Листата на кандидати.